ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-141/10**

**Дата: 04.03.2014**

**ДО**
**СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје Гимназија„Јосип Броз Тито“ – Скопје (во натамошниот текст СУГС „Јосип Броз Тито“), сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи за 2009 година, за кои е изразено мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, при што е констатирано дека од дадените препораки две се спроведени, една е делумно спроведена и една не е спроведена.

За финансискиот извештај Биланс на состојба на СУГС „Јосип Броз Тито“ за 2012 година изразивме мислење со резерва, за Билансот на приходи и расходи изразивме негативно мислење, како и негативно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

| *Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор* |
|---|---|
| ______________________ | ___________________________ |
| ______________________ | |
| ______________________ | |

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби кои не се во согласност со законските, подзаконските и интерните акти на СУГС „Јосип Броз Тито“, од кои како позначајни ги истакнуваме следните состојби:

- утврдени неправилности во постапките за давање под закуп на недвижен имот и остварување на приходи по тој основ;
- за недвижниот имот - земјиште и градежен објект на СУГС „Јосип Броз Тито“, не е извршено запишување на правото на сопственост на локално ниво и
- констатирани се одредени неправилности во примена на постапките за јавни набавки.

За утврдените неправилности дадени се препораки до одговорните лица во СУГС „Јосип Броз Тито“ со цел преземање мерки за надминување на состојбите.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 12-14 заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи за 2009 година, за кои е изразено мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- М-р Снежана Мироновска, директор од 22.04.2004 до 08.02.2013 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Училиштето/сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2012 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 10.12.2013 до 27.12.2013 година кај Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година-спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година. Од дадените препораки две се спроведени, една е делумно спроведена и една не е спроведена (Прилог 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 26.12.2013 година.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во текот на 2012 година СУГС „Јосип Броз Тито“ има остварено приходи од партиципација за упис на ученици во програмата за меѓународна матура во износ од 1.860 илјади денари. Оваа програма е воведена во текот на 1995 година од страна на Министерство за образование и наука, со кое СУГС „Јосип Броз Тито“ е задолжено да воведе експериментална

настава по меѓународна матура. За упис во порограмата за меѓународна матура учениците, на име партиципација, уплаќаат износ во висина од 2000 евра за две учебни години, што не е во согласност на член 3 од Законот за средното образование според кој средното образование во РМ е бесплатно, и со истиот не се предвидени исклучоци. За наведената состојба овластениот државен ревизор извести во Конечниот извештај за извршената ревизија за 2009 година и дадена е препорака за регулирање на начинот на финансирање на наведената програма.

Ревизијата не дава препорака од причина што извршени се измени и дополни на Законот за средно образование (Сл. весник број 24 од 15.02.2013 година), согласно кој почнувајќи од учебната 2013/2014 година не се врши наплата на партиципација за упис на ученици во програмата за меѓународна матура. Согласно наведениот закон, средствата за меѓународна матура ги обезбедува Министерството за образование и наука.

**Издавање објекти под закуп**

4.1.2. СУГС „Јосип Броз Тито“ издава под закуп недвижности кои се во состав на објектот што го користи училиштето, за кои ревизијата констатира дека не е извршено запишување на правото на сопственост на објектот на СУГС „Јосип Броз Тито“ во Агенцијата за катастар на недвижности од страна на Градот Скопје, што не е во согласност со Одлуката на Владата[1], со која правото на сопственост на објектите на СУГС „Јосип Броз Тито“ се пренесени на Градот Скопје. Поради наведената состојба средствата од наплата на закупнината се уплаќаат на сметка на СУГС „Јосип Броз Тито“, како корисник на објектот.

4.1.3. Согласно Одлуката за давање под закуп на училишниот простор во средните училишта на Градот Скопје број 2/2010 од 08.02.2010 година, донесена од страна на Град Скопје, донесена е Одлука за давање под закуп на дел од училишниот простор од страна на Училишниот одбор на СУГС „Јосип Броз Тито“, за која е добиена Согласност бр.08-3173/2 од 15.08.2011 година од Град Скопје.

По спроведената постапка за јавно наддавање, СУГС „Јосип Броз Тито„ има склучено:

- Договор за закуп на училишен простор бр.03-106/3 од 05.09.2011 година, кој вклучува закуп на комплекс спортска сала и простор во училишниот двор со намена за спортски терени, со услов закупецот да инвестира во објектот и со времетраење од пет години односно од

[1] Одлука на Владата за пренесување на основачките права и обврски над постојните државни средни училишта, на општините и на Градот Скопје, број 09-2429/1 од 31.08.2005 година

09.11.2011 до 09.11.2016 година;

- Анекс на договорот за закуп на училишен простор, склучен на 09.01.2013 година, за „дорегулирање на постоечките права и обврски....кои се во врска со Договор за закуп на училишен простор бр.03-106/3 склучен на 05.09.2011 година„ и
- Договор за компензација на остварена инвестиција во комплексот спортска сала од 13.03.2012 година, во износ од 5.563 илјади денари;
- Договор за компензација на остварена инвестиција во надворешни терени, од 14.01.2013 година, во износ од 11.038 илјади денари;
- Анекс договорот и Договорот за компензација на остварена инвестиција во надворешни терени, се солемнизирани на нотар на ден 11.02.2013 година. На одговорното лице како претставник на СУГС „Јосип Броз Тито„, функцијата директор му престанала на ден 08.02.2013 година.

Со увид во приложената документација ревизијата ги утврди следните состојби:

- закупот на училишниот простор со можност за инвестирање во објектите е предложен и прифатен во текот на постапката за јавното наддавање од страна на еден од понудувачите, иако во огласот не е предвидена таква можност;
- изборот на закупецот, согласно доставениот Записник од усното јавно надавање[2], е извршен врз основа на предложен месечен износ на закупнина, како највисок во износ од 70 илјади денари, со право на компензирање на вложената инвестиција, месечно во износ од 40 илјади денари. Доставена е Понуда за реализација на проект „Спортски Центар„ во Гимназија Јосип Броз Тито, но без приложена пресметка за износот на инвестицијата, по ставки и во целост;
- Договорот за закуп е склучен за период од пет години, иако согласноста издадена од страна на Град Скопје е за период од една година, за што не е доставено известување до Градот Скопје;
- во договорите за компензација, приложени се записници[3] за извршените градежни активности во објектите, врз чија основа е утврдена висината на износот на инвестицијата која закупецот ќе ја компензира, согласно кои вкупната инвестиција изнесува 16.640 илјади денари, за што се доставени фактури од страна на закупецот;
- во договорот предвидено е дека по истекот на неговото времетраење

[2] Записник број 02-106 од 25.08.2011 година

[3] Записник за изврешни (комплетирани) градежни активности, реновирање и опремување на комплексот спортска сала, составен на ден 13.03.2012 година и Записник за комплетирани и некомплетирани градежни активности, реновирање и опремување на надворешни терени, составен на ден 14.01.2013 година

и под услов на целосно компензирање на вложените средства, инвестицијата останува во владение на СУГС „Јосип Броз Тито„, а доколку не е извршена целосна компензација, закуподавачот се обврзува во целост да го надомести преостанатиот некомпензиран дел. Имајќи во предвид дека износот на месечната закупнина кој се компензира изнесува 40 илјади денари, односно 480 илјади денари на годишно ниво, по пет години односно по истекот на рокот на важност од договорот, ќе останат некомпензирани средства во износ од 14.240 илјади денари, со што се доведува во прашање начинот на кој ќе се исполни обврската на СУГС „Јосип Броз Тито„ за надоместување на преостанатиот некомпензиран дел од инвестицијата. Износот на меѓусебното намирување на паричните обврски и побарувања, односно компензацијата СУГС „Јосип Броз Тито„ не ја врши со платен инструмент кај носителот на платниот промет и

- во делот од Договорот за закуп, кој се однесува на условите за раскинување на договорот, во точка 8.4. предвидено е дека „во случај закуподавачот еднострано да го раскине договорот или да му оневозможи непречено користење на училишниот простор на закупецот пред истекот на рокот, закуподавачот е должен да му ја врати на закупецот вложената инвестиција за целиот проект според фактурирана вредност, зголемена за 70%„.

Наведените состојби не се во согласност со Одлуката за давање под закуп на училишниот простор во средните училишта на Градот Скопје што има за ефект ограничување на конкуренцијата и нееднаков третман на понудувачите и влијае на износот на приходи по основ на закуп.

**Препорака:**

Одговорното лице на „Јосип Броз Тито„ да ги превземе следните активности:

- во соработка со надлежните органи на Град Скопје да се отпочнат активности за пренос на правото на сопственост и правото на користење на недвижностите и дефинирање на начинот на уплата на средствата од закуп,
- по дефинирање на правото на користење, давањето на недвижните ствари под закуп да се врши со транспарентна постапка согласно законската регулатива.

## 4.2. Користење на средства согласно законските прописи

### Јавни набавки

4.2.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2011 и 2012 година, извршивме ревизија и опфативме 100% од вредноста на склучените договори односно вкупен износ од 1.022 илјади денари. Напоменуваме дека исплатата на средствата по спроведените постапки во вкупен износ од 948 илјади денари, се вршени од сметките на СУГС „Јосип Броз Тито„ и тоа:

- од сметката на основен буџет (603-10) во износ од 139 илјади денари,
- од сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) во износ од 417 илјади денари и
- од сметката расходи на буџет на дотации (903) во износ од 466 илјади денари,

при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- Годишниот план за јавни набавки за 2012 година не е донесен во законски утврдениот рок, односно истиот од страна на училишниот одбор е донесен на 24.02.2012 година, што не е во согласност со член 26 став 2 од Законот за јавни набавки;
- членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки;
- при спроведување на постапките за јавна набавка не била изработувана поедноставена тендерска документација, тендерска документација и технички спецификации, што не е во согласност со член 32 и член 101 од Законот за јавни набавки;
- СУГС "Јосип Броз Тито" не го известило Бирото за јавни набавки за склучените договори за јавна набавка, што не е во согласност со член 55 и член 103 од Законот за јавни набавки;
- во постапките за јавна набавка спроведени по пат на преговарање без објавување на оглас, комисијата за јавни набавки, не изготвила извештај од спроведената постапка со детално образложение за причините и начинот на спроведување на постапката, што. не е во согласност со член 99 точка 4 и член 142 од Законот за јавни набавки;
- во постапките со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, комисијата за јавни набавки, не ги известува писмено економските оператори во врска со одлуката за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со член 167 од Законот за јавни набавки;
- При спроведување на постапките за јавна набавка по пат на

“постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас” во 2011 и 2012 година, ревизијата констатира дека во дел од постапките има недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки и тоа во износ од 606 илјади денари и тоа: од сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), износ од 268 илјади денари и од сметката расходи на буџет на дотации (903), износ од 338 илјади денари. Имено, во дел од одлуките за јавна набавка не е наведен износот на средствата потребни за реализација на договорите, во дел од постапките не е наведен критериум за доделување на договор за јавна набавка, нема доказ дека е доставено барање за прибирање на понуди до најмалку три економски оператори, крајниот рок за поднесување на понудите е покус од законски предвидениот, избраниот економскиот оператор не доставил документите со кои ќе ја потврди способноста за вршење на професионална дејност, а во дел од постапките економските оператори не се известени во врска со одлуката за доделување на договор за јавна набавка, извршувањето на дел од договорите е отпочнато пред законски утврдениот рок (Прилог 2).

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка не обезбедува фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

4.2.2. За набавка на стоки, услуги и работи превземени се обврски во вкупен износ од 1.077 илјади денари, без да бидат спроведени постапки за јавни набавки, што не е во согласност со член 16, член 17 и член 18 од Законот за јавни набавки и тоа од сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) во износ од 201 илјади денари и од сметката расходи на буџет на дотации (903) во износ од 876 илјади денари (Прилог 3). Наведената состојба не обезбедува фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**

Раководното лице на СУГС „Јосип Броз Тито„ да превземе мерки и активности за надминување на утврдените состојби и доделувањето на договорите за јавни набавки да се врши согласно законската регулатива.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупните ефекти од изнесените констатации во точките 4.1. и 4.2. чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата е остварени приходи од партиципација од програмата за меѓународна матура, не обезбедени документи за запишување на правото на користење на недвижните ствари и начинот на нивно издавање под закуп како и недоследности при постапките за набавка на стоки, услуги и работи.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) на ден 31 декември 2012 година додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум не е во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 4.537 | 3.833 |
| **Вкупно приходи** | | **4.537** | **3.833** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 1.818 | 1.550 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.818** | **1.550** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 130 | 113 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **130** | **113** |
| **Вкупно расходи** | | **1.948** | **1.663** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **2.589** | **2.170** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | | **2011** |
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2.594 | | 2.170 |
| Побарувања | 4.1.2. | 95 | | 126 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | - | | 10 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 16 | | 43 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.705** | | **2.349** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **2.705** | | **2.349** |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 16 | | 43 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.2.2. | 5 | | - |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.2.3. | 9 | | - |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.4. | 2.675 | | 2.306 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2.705** | | **2.349** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **2.705** | | **2.349** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*